Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

Врсцр 11.09.2017

МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

ДО НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

С К О П Ј Е

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
С К О П Ј Е
Примено: 11.09.2017
Орг. единица | Бр. | Прилог | Вредност
1585/17

Влада на Република Македонија
Генерален секретаријат

Бр. 44-3115/1
5.9.2017 година

Бул. Илинден бр.2,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3118 022
Сајт: www.vlada.mk

Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 5.9.2017 година, ја разгледа Иницијативата за изменување и дополнување на Законот за вонпарнична постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.9/2008), доставена од Народниот правобранител на Република Македонија, под број 1585/15 од 29.6.2017 година, преку Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија и имајќи ги предвид мислењата на Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика и Секретаријатот за законодавство, во кои е поддржана Иницијативата за изменување и дополнување на Законот за вонпарнична постапка, (во насока на изнаоѓање законско решение, категоријата на нерегистрирани граѓани во матичната книга на родените да добијат матичен број и да се запишат во истата), ја прифати Иницијативата и заклучи да го извести Народниот правобранител на Република Македонија, согласно член 34 од Законот за Народниот правобранител („Службен весник на Република Македонија" бр.60/2003, 114/2009, 181/2016 и 189/2016).

**ПРИЛОГ 3: Мислења од Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика и Секретаријатот за законодавство**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

Подготвил: Зоран Брњарчевски
Согласен: Љубица Р.Димовска
Одобрил: Митра Спасовска

**Влада на Република Македонија**
Секретаријат за законодавство

[redacted]

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

Примено: 17-07-2017

| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 44 | 3115/2 | | |

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2008 Бр. Q-1085/0

ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
-Скопје

Влада на Република Македонија
Секретаријат за законодавство
Бр. сл. 09-2459/2
14. 07. 2017 .2017 год.
Св.Кирил и Методиј бр. 54
1000 Скопје,
Република Македонија
тел./факс (02) 3228 203
е-пошта: info@sz.gov.mk
сајт: www.sz.gov.mk

Предмет: Мислење
Врска: Ваш бр. 44 - 3115/1 од 04.07.2017 година

Почитувани,

По повод Иницијативата за измена и дополнување на Законот за вонпарнична постапка, доставена од Народниот правобранител, Секретаријатот за законодавство го дава следново мислење:

Согласно член 71 од Уставот на Република Македонија, Иницијатива за донесување на закон до овластените предлагачи може да даде секој граѓанин, група граѓани, институции и здруженија. Согласно член 30 став 1 од Законот за Народниот правобранител, Народниот правобранител може до овластените предлагачи да дава иницијативи за измена и дополнување на закони и други подзаконски акти и нивно усогласување со меѓународни договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија.

Имајќи ги предвид цитираните уставни и законски одредби, цениме дека предложената Иницијатива за измена и дополнување на Законот за вонпарнична постапка, е поднесена од надлежна институција.

За оправданоста и целисходноста од прифаќање на Иницијативата и пристапување кон предложеното законско изменување и дополнување, укажуваме дека Владата на Република Македонија ќе треба да го има предвид мислењето на надлежното министерство.

Со почит,

СЕКРЕТАР
Лила Пејчиновска Миладиновска

Изработил: Гордана Аламписка
Согласил: Тања Каранфиловска
Одобрил: Снежана Нацаковска